Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година.

Потребните средства за реализација на оваа програма се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и изнесуваат 72.914.000,00 денари од кои 10.922.000,00 денари на Сметка 637, 60.000.000,00 денари на Сметка 631, 1.992.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во Буџетот на Раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Категорија 42 - стоки и услуги, 46 - Субвенции и трансфери и 48 - Капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 од оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот, и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменети вкупно 8.820.000,00 денари, и тоа за:

1. Учество на меѓународни туристички саеми во Мадрид, Берлин,Истанбул и други, како и учество и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од областа на туризмот во странство и во Република Северна Македонија согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија;

се наменуваат 5.800.000,00 денари.

2. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во земји кои се примарен пазар, и тоа Србија, Албанија, Косово, Турција, Босна и Херцеговина, Словенија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:

- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери

се наменуваат 2.600.000,00 денари.

3. Хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал веб страната www.northmacedonia-timeless.com, како и хостинг поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk;

се наменуваат 120.000,00 денари.

4. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ;

се наменуваат 300.000,00 денари.

б) За активности за поддршка на туризмот се наменети вкупно 300.000,00 денари, и тоа за:

1. Проект „Означување на културни добра“. Со поставување на информативни табли ќе бидат означени локалитетите Скупи, Аквадукт, Тауресиум, Бразда и Говрлево, со цел збогатување на туристичката понуда со културолошки вредности;

се наменуваат 300.000,00 денари

Член 3

За субвенционирање на странски организиран туристички промет се наменети вкупно 61.802.000,00 денари и тоа, дел од Сметка 637 во износ од 1.802.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 60.000.000,00 денари се обезбедуваат од Сметка 631.

Член 4

Средствата во висина од 1.992.000,00 денари од Сметка 787, се наменуваат за организирање на саемски манифестации, презентации и средби со странски туроператори и денови на македонскиот туризам во странство, како и реализација на проекти од Европската Унија и други меѓународни проекти кои се доделени на Агенцијата.

Член 5

За реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 6

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 7

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и за постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности, заклучно со 30 јуни 2025 година.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-216/5
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.